# Регионалниот одбор на СОНК-Кавадарци со порака „Силата на синдикатот е во синдикалното единство“

На 03.02.2022 година се одржа првата конститутивна седница на Регионалниот одбор на СОНК – Кавадарци, која беше водена од новиот претседател, Милан Колев.

Покрај формирањето на новото раководство на Регионалниот одбор на СОНК – Кавадарци, на седницата беше избрана и тричлена комисија на Надзорниот одбор и нивни заменици, како и член на Синдикалниот фонд. На состанокот, на кој присуствуваа сите 26 старо/ново избрани претседатели на синдикални организации, беа искажани проблеми и беа отворени прашања од дејностите што ги застапува СОНК. Главен акцент беше ставен на зголемување на платите и усогласување на истите со минимална плата на национално ниво.

На состанокот присуствуваше и претседателот на СОНК, Јаким Неделков, кој даде безрезервна поддршка за сите активности кои се планирани на ниво на Регионалниот одбор на СОНК – Кавадарци, но и насоки за подигнување на синдикалната свест и синдикалното единство на  членството.

За Регионалниот одбор, периодот што следи ќе биде период на многу промени, активности, семинари, едукативни работилници, како и соработка со институции на локално ниво, па од тие причини, претседателот на Регионалниот одбор на СОНК – Кавадарци побара од членовите поддршка за реализирање на планираните програмски активности.

# РАБОТНА СРЕДБА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК ОД РЕГИОНАЛНИОТ ОДБОР ВЕЛЕС СО РАКОВОДСТВОТО НА СОНК

## ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК ДАВААТ ЦЕЛОСНА ПОДРШКА НА РАКОВОДСТВОТО НА СОНК ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОВИСОКИ МАТЕРИЈАЛНИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАВА

Работните средби на кои учесвуваше највисокото раководство на СОНК и членовите на СОНК од велешкиот регион, во организација на Регионалниот одбор на СОНК Велес, продолжија со очекуван интерес и посетеност. Работата беше организирана во две групи, најпрво во Велес, а потоа и во Свети Николе. Се отворија повеќе прашања од сите дејности кои ги покрива СОНК, кои во најголем дел беа колективни и се повторуваат со прашањата од преходните работни средби во другите Регионални одбори на СОНК.
Со завршувањето на овие две работни средби се заврши и првиот циклус на вакви синдикални состаноци, кои заради отпочнување на годишните одмори ќе бидат во прекин и нивното продолжување ќе биде од втората половина на месец Август.

Врз основа на направената анализа од сите досегашни работни средби со нашите членови, може да се заклучи дека има прашања за кои во наредниот период раководството на СОНК на сите нивоа и социјалните партнери треба максимално да се заложат за што по брзо изнаоѓање на прифатливи решенија за двете страни . Ќе издвоиме само неколку прашања кои се истакнуваат како најзначајни, а тоа се : зголемување на платите во образованието, науката и културата, примена на потпишаните

Колективни договори во целост, обезбедување на работни услови според нормативот за бројот на деца во групите во градинките, намалување на администрирањето во градинките и училиштата, намалување на бројот на ученици во паралелките во основното и средно образование, обезбедување превоз на вработените од страна на работодавачите, потпишување на колективни договори за култура, високо образование и наука, подигнување на степенот на социјалниот дијалог на сите нивоа, како и други прашања кои тековно ќе се решаваат.



Членовите на СОНК даваат целосна подршка на раководството на СОНК на сите нивоа и се подготвени да дадат свој максимален придонес и ангажман за задржување на своите права од работен однос како и остварување на нови повисоки права со колективно договарање, со што ќе си обезбедат по голема материјална и социјална сигурност.

# ПРЕДВИДЕНАТА ПАУЗА ЗА ОДМОР И ЗА ВОСПИТУВАЧИТЕ И НЕГОВАТЕЛИТЕ Е ВГРАДЕНО ВО ДНЕВНОТО РАБОТНО ВРЕМЕ

Известување

( 5 ) Времето на паузата во текот на работниот ден **се засметува** во работно време и за истото се исплатува плата.

Од погоре наведените одредби од Законот за работни односи е јасно дека, секој оној што работи шест часа во текот на работниот ден, што е случај и со воспитувачите и негователите, има право на 30-минутна пауза и истата е вградена во дневното работно време.

Исто така, ви напоменуваме дека за било какво прашање поврзано со правата од работен однос добиена од било која институција ( директор, раководител или од повисоки надлежни органи ), треба да биде во вид на писмен документ , архивиран и заверен со потпис и печат, а се друго не може да се смета за валиден документ ( особено усна наредба).

Бараме од претседателите на синдикалните организации на СОНК, во кои постои проблем со погоре наведеното прашање, **веднаш** да го информираат директорот со ова Известување и доколку тие и понатаму останувааат на мислењето дека воспитувачите и негователите треба да ја одработуваат паузата, да го известатат раководството на СОНК ,за натамошно постапување согласно законите во државата .

**Со почит,**

**Генерален секретар**

**Весна Неделковска**

# ОДРЖАНА 2-ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## 6-ОТ КОНГРЕС НА СОНК ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО ОХРИД

На 9-10-2015 година, во Скопје се оддржа 2-та редовна седница на Советот на СОНК, на која беа усвоени ( согласно роковите утврдени со Статутот на СОНК) нови документи во врска со одржувањето на 6-от Конгрес на СОНК, како и одлуки по однос на тековни прашања.

Едногласно е одлучено 6-от Конгрес на СОНК, да се одрдржи во Охрид и тоа на 12-ти декември оваа година, како што претходно беше утврден споменатиот датум на 1-та редовна седница на Советот на СОНК.

Советот го утврди и Дневниот ред на Конгресот, кој произлегува од надлежностите на Конгресот, утврдени со Статутот на СОНК, а на истата седница утврдени се две работни групи кои ќе ја сумираат расправата од синдикалните и регионалните одбори на СОНК по : Предлог- Извештај за работата на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. ( СОНК), за периодот октомври 2010 – јуни 2015 год и Предлог- Програма за активностите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. ( СОНК), за периодот октомври 2015 – јуни 2020 год.

Советот, по предлог на претседателот на СОНК, Јаким Неделков, едногласно донесе Одлука за упатување на покана за присуство во својство на гости на Конгресот, за највисоките преставници од ресорните министерства кои се социјални партнери на СОНК, репрезентативните федерации на синдикатите од Република Македонија, како и на преставници на синдикатите со кои СОНК

има воспоставено подолго време блиска соработка, а во тој контекст посебно Интернационалата за образование и Европската конфедерација на синдикатите за образование.

Советот расправаше и одлучуваше по Приговори доставени од двајца поранешни членови на Советот на СОНК, како и Приговор од страна членови од една синдикална организација на СОНК од Регионалниот одбор на СОНК-Чаир.

---

# Почнаа преговорите помеѓу СОНК и Владата

Во текот на вчерашниот ден, во Владата на Република Македонија започнаа преговорите помеѓу претставниците на Владата, предводени од Министерот за образование и наука, заменик претседателот на Владата за економски прашања и Државниот секретар за образование и наука од една страна и членови на Советот на СОНК предводени од претседателот на СОНК од другата страна. На работната средба, претставниците на СОНК го изнесоа и образложија Барањето за зголемување на платите во дејноста образование, кое се темели врз основа на зголемување на минималната плата и примена на  одредбите од законот за минимална плата. Исто така, беше укажано на големото незадоволство на вработените во образованието заради изедначување на платите на различни работни места со различна сложеност на работата, како и на фактот што останатите плати изминатите неколку години воопшто не го следат порастот на минималните плати. Од претставниците на Владата беше недвосмислено побарано да се отпочне веднаш со усогласување на платите според сегашните важечки Колективни договори и порастот на минималната плата во изминатиот период.

Од страна на претставниците на Владата беше презентирана економската, здравствената, енергетската и другите состојби во државата кои, според нив, не дозволуваат лесен и едноставен пристап и позитивен одговор на нашето барање, веднаш, на оваа работна средба. Сепак, тие истакнаа дека многу е важно просветните работници да имаат достоинствени плати на професијата, но, во исто време побараа и квалитетот на образованието да се подигне на повисоко ниво, за што и треба да се направат одредени организациски и реформски промени.

На крајот од средбата, претставницие на Владата побараа неколку дена за пресметка на финансисиката импликација врз основа на Барањето на СОНК, по што преговорите ќе продолжат понатаму.

---

# ЗАВРШИ ПОСЕТАТА НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ИНТЕРНАЦИОНАЛАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА СОНК

## ПОСЕТА ОД ИСКЛУЧИТЕЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СОНК

Генераниот секретар на Интернационалата за образование, Фред

Ван Ливен и потпретседателот на Европската Конфедерација на синдикатите за образование (ETUCE) и на холандскиот синдикат за образование (AOB), Волтер Дрешер, како што претходно најавивме беа во работна посета на СОНК на 1-ви и 2-ри овој месец.

По пристигнување во Скопје високите гости го разгледаа центаралното подрачје на главниот град, како и старата скопска чаршија. Искажаа дека Скопје многу бргу се гради и добива нов лик,  исто така го искажаа и восхитот од изгледот и зачуваноста и автентичноста на стариот дел – познат како скопска чаршија.

Вечерта беше организирана работна вечера со најтесното раководство на СОНК, на која гостите беа информирани за вкупните активности во СОНК особено последните месеци, а во тој контекст посебно за преговорите со Министерството за образование и наука по склучување на Спогодбата помеѓу СОНК и МОН на 3.02.2015 година и имплементација на договореното од истата. Беше разговарано и за натамошните активности на СОНК и во овој дел посебно околу изборните активности во нашиот Синдикат.

Вториот ден од посетата Фред Ван Ливен и Волтер Дрешер, во придружба на Претседателот Јаким Неделков и Генералниот секретар  Весна Неделковска, беа примени и разговараа во МОН со Министерот за Абдилаќим Адеми и заменик министерот Спиро Ристовски. Во разговорот кој траеше околу  час и половина беа разгледани најактуелните прашања во доменот на образование, ставовите на МОН околу реформските зафати и посебно  прашањето околу екстерното оценување, како и за социјалното партнерство и дијалог помеѓу МОН и СОНК. Генералниот секретар Фред Ван Ливен не го криеше задоволството за посетата на СОНК, со изјава дека СОНК е од исклучително значење за Интернационалата за образование и во последните 15-тина години Интернационата со големо внимание ги следи сите активности на СОНК во делот на образованието и безрезервно ја дава нивната поддршка на СОНК, бидејќи сите досегашни чекори што ги има направено СОНК,

од нивна страна се оценети како исклучително значајни, а дел од нив предизвикале значајно внимание и кај другите синдикати за образование. Реформскиот курс на СОНК кој трае повеќе од една деценија има големо влијание и во градењето на Синдикатот во модерна организација, но исто и на вкупното демократизирање на општествениот систем во државата. Неспорниот мулти етнички карактер на СОНК е една од значајните одлики на оваа членка на Интернационалата за образование и пример за градење на современ начин на заедничко живеење, без разлика на националната или верската припадност. Тие се причините поради кои велиме дека СОНК има поголемо значење, а тоа што значи дека СОНК не е само класична организација на Синдикатот, туку ги надминува тие рамки..



Генералниот секретар, како и потпретседателот Дрешер го искажаа големото задоволство од Спогодбата, како и воспоставениот вистински социјален дијалог и го изразија своето убедување дека образованието во Република Македонија е на вистински пат и дека МОН и СОНК заедно ќе изнајдат заеднички решенија за сите предизвици што стојат во натамошниот развој на образованието. Генералниот секретар го искажа своето убедување дека е убеден во тоа и МОН и СОНК се

свесни и искрено се подготвени да продолжат во натамошното модернизирање, вклучувајќи го и во моделот на екстерното оценување.

Слични ставови искажаа и Министерот Абдилаќим Адеми и Заменик министерот Спиро Ристовски, вклучително и задоволството од социјалниот дијалог со СОНК, а истите ставови беа изнесени и на Прес-конференцијата по завршување на разговорите, искажани од страна на Фред Ван Ливен и Министерот Абдилаќим Адеми.

Делегацијата потоа беше примена во Владата на Република Македонија, каде што разговараа со потпретседателот на Владата Владимир Пешевски. Во отворена и пријателска атмосфера потпретседателот Пешевски го истакна посебното значење што Владата го дава на образованието, задоволството од поддршаката што СОНК ја дава на сите зафати за подобрување на образованието, но исто спомена дека се свесни дека во одредени случаи се направени и погрешни чекори, пред се во брзината на спроведување на одредени реформски чекори. Потпретседателот Пешевски многу јасно го искажа и ставот дека СОНК е од исклучително значење на синдикален план во државата и секогаш ќе ја има поддршката на тој курс, посебно во социјалниот дијалог со Министерството за образование и наука.

Генералниот секретар на ЕИ и потпретседателот на ETUCE ги повторија истите ставови искажани во МОН и го изразија големото задоволство за приемот во Владата на Република Македонија, со желба сите надлежни субјекти да продолжат со градење на современ модел на образование, со стандарди што ќе бидат прифатени од страна на партнерите.

На крајот од посетата Фред Ван Ливен и Волтер Дрешер имаа работна средба и со претседателите на Регионалните одбори на СОНК од скопското подрачје на кој присуствуваше и потпретседателот на Советот на СОНК. На истата беа сумирани вкупните резултати од посетата, кои се оценети како исклучително значајни за натамошните активноисти и функционирањето на СОНК.

# СОНК ДОМАЌИН НА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ ВО СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ДА СЕ ПРИМЕНУВААТ И УСОВРШУВААТ

СОНК во соработка со неколку европски граѓански организации со силно реноме, како и афирмирани реформски синдикални федерации од повеќе држави од регионот, организираше меѓународна Конференција на која главна тема беше – „Новите европски политики за социјална кохезија“. Конференцијата се одржа на 1-ви и 2-ри февруари 2017 година, во Скопје на која присуствуваа највисоките претставници на: Европски центар за работнички прашања(EZA); Христијанско работничко движење од Италија (MCL); Хрватско културно друштво ,, Напредок” ; Синдикална Федерација -,,Независност”, Србија; Унија на слободни синдикати на Црна Гора (USSCG); Унија на слободни и независни синдикати на Албанија (SAUATT); Унија на независни синдикати на Косово (BSPK) и Здружение на работници –Нова Словенија од Словенија (ZDNSl).

Од страна на организациите учесници од странство, присуствуваа нивните највисоки претставници, а од страна на СОНК учествуваа претставниците на највисокото раководство и Претседателите на регионалните органи на СОНК, кои воедно се и членови на Советот на СОНК. Од повеќето теми кои беа предмет на дискусија на учесниците, ќе ги издвоиме следниве:

- ,,Европските политики, имиграцијата и социјалната кохезија: јазот помеѓу нивоата на развој и потребната соработка”;

- ,,Македонија и договорот за пристап кон ЕУ: отворени прашања и перспективи”;

- ,,Глобалните предизвици и градење на социјалниот договор:

одговорите на синдикатите”;

• ,,Кревкиот мир на Балканот: предизвиците на слабата економија и враќањето на национализмот” и

• ,,Осмислување на европскиот модел и справување со отворените предизвици: од пазарот на труд, преку социјалните права, до имиграциските прашања”.




Покрај воведните излагања за споменатите теми имаше и плодна и интересна дискусија од страна на повеќе учесници на Конференцијата, со што истата може да се оцени како исклучително успешна и тоа од повеќе аспекти. Имено, ретки се примерите на меѓународни семинари на кои се разработуваат исклучително важни прашања и тоа на организации кои не се дел само од иста сфера, што беше случај на споменатиот семинар. Станува збор за тоа што учесници беа претставници на организации кои се дел од граѓанските организации и претставници на, како што претходно напоменавме, многу афирмирани синдикални организации од Регионот.

Посебно треба да се истакне фактот што СОНК како домаќин на Конференцијата е грански синдикат, а останатите учесници се

исклучително афирмирани граѓански организации на европско ниво, па и пошироко, како и граѓански организации од скоро сите држави од нашиов Регион. Тоа е големо, дополнително признание за СОНК и потврда на афирмираноста на нашиот Синдикат и во меѓународни рамки, а тоа секако произлегува од неговите неспорни резултати, што се потврдува и со бројноста на членството кое е убедливо најголемо во рамките на нашата држава и еден од најголемите грански синдикати во Регионот.

На крајот ќе го спомeнеме и делот од писмото од господинот Фрањо Топиќ, Претседател на ХКД „Напредок“, еден од организаторите на Конференцијата, доставено до Претседателот на СОНК, во кое истакнува: „Многу ми е мило што бевме заедно на Конференцијата во Скопје. Сите ние сме многу задоволни од истата. Се уверивме дека СОНК е голем и моќен синдикат…Сигурни сме дека соработката помеѓу нас и СОНК ќе продолжи и во иднина“.

---

# СОНК НА СИТЕ ПРОСВЕТНИ РАБОТНИЦИ ИМ ГО ЧЕСТИТА 5 ОКТОМВРИ – СВЕТСКИОТ ДЕН НА УЧИТЕЛИТЕ

Светскиот ден на учителите ширум светот се прославува секоја година на 5-ти Октомври.
Негова цел е да ја уважи работата на учителите и истата да ја прикаже како една од најважните за севкупниот развој на општеството.
Со одбележување на Светскиот ден на учителите, им се заблагодаруваме на сите учители што преку нивната работа

даваат придонес во развивање и унапредување на општеството, а со тоа и создавање на подобро утре.

---

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија ја информира јавноста дека активно ќе земе учество во организирање и спроведување на јавниот социјален протест, што ќе се одржи во Кичево на 23 февруари 2019 година, во организација на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија – КСС.
Членовите на СОНК, особено се заинтересирани за изразување на своето незадоволство од следните причини:
– Поради енормно ниските плати на вработените во детските градинки, основното, средното, високото образование, науката и културата во Македонија.
– Затоа што со зголемување на минималната плата на национално ниво не се зголемуваат платите на сите работни места согласно коефициентите утврдени со колективните договори.
– Затоа што не е исполнето ветувањето на високи функционери во Министерството за труд и социјална политика за зголемување на платите во градинките, започувајќи од 01.01. 2019 год.
– Затоа што СОНК, како релевантен социјален партнер на МОН, не е вклучен во делот на изготвување на закони за основно и средно образование, како и поради планирање на реформи во средното стручно образование, со што се очекува таквите планирани реформи да предизвикаат голем број на работници да се стекнат со статус на технолошки вишок.
– Затоа што надвор од елементарната логика е скратено правото на додаток за трошоци за превоз до и од работното место, каде што голем број на вработени од нашите дејности издвојуваат и

до 1/4 од својата скромна плата.
– Затоа што не постои колективен договор за високо образование и наука, повеќе од две децении, со што би се воспоставил ред во дејноста високо образование и наука.
– Затоа што се прави обид предлог колективниот договор за култура, кој што беше на јавна расправа и беше прифатен од СОНК и Министерството за култура, да се негира и да се подметне друг колективен договор, за кој што немаме релевантна информација кој е изготвувачот. Со тоа продолжува хаосот во дејноста култура и покрај најавите од министерството дека до крајот на март 2019 година ќе има нивелација на платите на вработените во културните установи, иако знаеме дека во овој период тоа не е возможно заради престојните претседателски избори.
– Затоа што за СОНК неприфатлива е идејата за трансфер на работниците од образование, наука и култура во приватен сектор.
– Затоа што СОНК како репрезентативен синдикат во образованието, науката и културата, нема да дозволи никакви реформи во овие дејности, коишто нема да бидат во полза на своите членови.
СОНК дава силна поддршка на раководството на КСС во барањето за отпочнување преговори за изменување и дополнување на Општиот Колективен договор за јавен сектор, со што ќе се дефинираат некои прашања и ќе се подигнат некои права на работниците вработени во јавниот сектор, вклучително и во образованието, науката и културата, а особено за враќање на стекнатото право за регрес за годишен одмор, јубилејни награди, воведување на 13 плата и други додатоци на плата.
Поради овие и многу други причини, СОНК ќе земе масовно учество на јавниот протест, за што го повикува сопственото членство, членовите на семејствата на нашите членови, останатите синдикати во државата, невладините организации и сите граѓани, кои ја препознаваат искрената заложба на нашата организација за подигнување на социјалниот и економскиот статус, како и за враќање на достоинството на вработените во дејностите образование, наука и култура.

# НАСЛОВ СО ПОВОД

## КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ ШТО ГИ ИМА ПОТПИШАНО СОНК, ВАЖАТ ИСКЧЛУЧИВО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

Одржувањето на едукативните семинари со членовите на регионалните одбори на СОНК, во предходните два викенда беа со регионалните одбори на СОНК од Битола, Гази Баба, Струга и Охрид. И на овие четири регионални одбори, се повтори тоа што беше одлика и на предходните регионални одбори – без малку, целосно учество на членовите на регионалните одбори ( претседатели и евентуално секретари, како замена за претседатели кои оправдано биле спречени), недвосмислен интерес за излагањата по темите од страна на претставниците од највисокото раководство на СОНК и што е посебно значајно за сите досегашни региони – неподеленото мислење од потребата и корисста за ваквите едукативни семинари.

Досегашниот впечаток на раководството на СОНК е дека поголемиот дел од членовите на регионалните одбори, не се доволно упатени во содржината на документите на СОНК, а тука се мисли на Статутот на СОНК, Програмата на СОНК и посебно за поединечните колективни договори по дејности. Ваквиот заклучок, раководството  го изведува од фактот, што во вториот дел од семинарот, кој всушност е работно – разговорен, со очекувања за давање на предлози, мислења, иницијативи, одредени состојби за некои синдикални организации, кои се за одбележување и кои се позитивни, а зошто да се крие ги има и негативни, бројот на учесници во овој дел е под очекувањата на овие семинари.

Благо речено, неприфатливо е дека, еден голем дел на членови

на регионални одбори ( ова важи за сите досега одржани регионални одбори ), со изненадување да го слушнат непобитниот аргумент, дека потпишаните колективни договори на СОНК, кои се во важност и се применуваат – **ВАЖАТ ИСКЛУЧИВО САМО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК!** Нека ни биде простено на тежината на зборот што ќе го кажеме – **Б О Л И** оваа реалност, кога ќе слушнете прашање и одобрување од најголемиот дел од другите присутни – **Зошто да членуваме во СОНК, кога ги користат истите права и тие што не се членови на СОНК ???!!!**

СОНК е единствениот Синдикат, не само во нашата држава, туку и пошироко во Регионот, кој успеал со соодветниот социјален партнер, за секој од потпишаните колективни договори, да го вгради ова решение, кое има сила на Закон, а со правен јазик кажано, дури и повисоко од Закон, затоа што утврдува поголеми права, кои со Закон се утврдени.

Непознавањето на оваа толку важна одредба од нашите колективни договори, сигурно дека досега голем дел од нашите членови имаат изгубено права кои требало да ги користат, а исто така и на целиот наш Синдикат, му има нанесено огромна штета.

На крајот, ќе го споменеме и сеуште од поедини членови од регионални одбори, поставувањето на прашањето за плаќањето на надоместокот за превоз на наставниците и често пати со обвинувања до раководството на СОНК, дека не успеале да го одбранат ова право, што не постои со самиот системски премин на финансирање од нето во бруто плата. Тоа е решение на ниво на држава и станува збор за систем и никој не можел поинаку да бара издвојување, меѓутоа раководството на СОНК сите овие години од 2009, па се до денес, во договор со раководствата на општините и со посретство на Министерството за образование и наука, во најголемиот број на општини го имаат решено на различни начини, но во секој случај со обезбедување на бесплатен превоз на наставниците, а никако со добивање на паричен надоместок, бидејќи тоа би претставувало кривично дело.

И сосема на крај, општа оценка за досега одржаните едукативни семинари, во четиринаесет регионални одбори на СОНК е во секој случај многу позитивна, а слабостите кои испливаа, а за некои од нив се обидовме да проговориме и во овој текст, раководството преку Советот на СОНК, ќе направи анализа и очекувано е да биде донесен документ, за надминување на овие состојби.





